ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 826/24
23. 12 2024 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-1415/1
23 12 2024 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу:

1. Врховен суд на Република Северна Македонија, на Бул. „Крсте Мисирков" бр.8, Скопје, претставуван од Претседателот на Врховниот суд Беса Адеми и
2. Правен факултет „Јустинијан Први"-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Бул. Гоце Делчев 9б, Скопје, претставуван Деканот на Правниот факултет од проф. д-р Сашо Георгиевски.

Врховниот суд на Република Северна Македонија и Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје (во понатамошниот текст: потписници), согласно заедничката заложба за модерен и ефикасен правосуден систем воспоставен по највисоките европски стандарди, на ден 23.12.2024 година во Скопје го склучија овој меморандум за соработка:

## Член 1

Со овој меморандум се уредуваат меѓусебната соработка и координација помеѓу Врховниот суд на РСМ и Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје.

## Член 2

Соработката помеѓу потписниците на овој меморандум ќе се одвива во рамки на законските надлежности на страните потписници:

- Ангажирање на судии од Врховниот суд за вклучување во стручниот и апликативен дел од наставата од акредитираните наставни програми на Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје;
- Учество на стручен кадар, од редот на редовните професори, вонредните професори, доцентите, асистентите и демонстраторите на Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје во спроведувањето на активностите за обука на вработените во Врховниот суд, а организирани од страна на Врховниот суд;
- Соработка преку присуство и учество на Општите седници на Врховниот суд на РСМ согласно Деловникот за работа на Врховниот суд, како и преку организирање на конференции, семинари, работилници, тркалезни маси и обуки;
- Овозможување на практикантска и волонтерска работа во Врховниот суд за помош во спроведувањето на секојдневните активности на судот, за студентите на прв и втор циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје;

- Заедничко изготвување на анализи, стручни и научни мислења и истражувања и размена на информации;
- Соработка во делот на подготовка, понуда и насочување кон избор на можни теми за изготвување на практични/апликативни магистерски и докторски тези на теми кои се релевантни за развој и унапредување на владеењето на правото и правосудството;

**Член 3**

Потписниците во рамки на меѓусебната соработка за потребите од организација на обуки и други активности ќе вршат размена на предавачи, искуства и знаења, вклучително и користење на просторните капацитети на страните потписнички.

**Член 4**

Практикантската и волонтерската работа во Врховниот суд за помош во спроведување на секојдневните активности на судот, се организира за студентите на прв и втор циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први"-Скопје, и се одвива во текот на периодот после завршувањето на редовната настава или во текот на една календарска година зависно од потребите на судот.

Максималното времетраење на практикантската работа се определува согласно позитивните законски прописи со кои се уредува практикантската работа, додека времетраењето на волонтерската работа се организира на начин што нема да ги попречува редовните академски активности на студентите на Правниот факултет.

Практикантската и волонтерската работа се организираат така што студентите ќе се запознаат со работата на Врховниот суд во целина, започнувајќи со помошно-стручната служба, а потоа и со работата на судиите и стручните судски службеници. Врховниот суд ќе води сметка најмалку половина од вкупниот број денови поминати во волонтирање/практикантска работа студентот да ги помине во активности каде ќе соработува со еден или повеќе судии и стручни судски службеници.

**Член 5**

Овластени лица за координација при остварувањето на соработката согласно овој Меморандум, се следните:

- М-р Милчо Велјаноски, шеф на Кабинет на претседателот на Врховниот суд на РСМ, како претставник на Врховниот суд на РСМ и
- Проф. д-р Драган Гоцевски, продекан за наука и меѓународна соработка, како претставник на Правниот факултет „Јустинијан Први";

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Потписниците ќе го применуваат овој меморандум во духот на меѓусебното разбирање и соработка и взаемно ќе се информираат за сите состојби кои можат да ја доведат во прашање целосната и навремена примена на меморандумот.

Страните потписнички се согласни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој меморандум.

**Член 7**

Овој меморандум за соработка може да биде предмет на изменувања и дополнувања по пат на Анекс на барање на која било од страните потписнички.

Секоја од страните може да го раскине овој меморандум со писмено известување до другата страна, 15 дена пред настапувањето на раскинување на меморандум.

**Член 8**

Меморандумот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна потписник.

**Член 9**

Овој меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Врховен суд**
**на Република Северна Македонија**

**Беса Адеми**

**Претседател**

**Правен факултет „Јустинијан Први“**
**при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

**проф. д-р Сашо Георгиевски**

**Декан**